Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 09-78/1
01-02-2022 год.
СКОПЈЕ

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
Бр. 09-82/8-2022
Скопје, 01.02.2022 г.

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен на ден 01.02.2022 година во Скопје, помеѓу:

1. **Македонскиот центар за меѓународна соработка**, ул. „Никола Парапунов“ бр. 41а, Скопје, застапуван од в.д. директор, **Александар Кржаловски**, од една страна, и:
2. **Комисија за спречување и заштита од дискриминација,** ул. „Даме Груев“ бр.1, Скопје, застапувана од претседателка, **Весна Бендевска**, од друга страна.

## 1. Вовед

(1.1.) **Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС),** е независна граѓанска организација со кредибилитет, ја одржува својата независност преку работа со различни засегнати страни и групи од интерес на еднаков начин и без привилегирање, со истакнување јасни ставови за клучните општествени прашања. Мисија на МЦМС е да предводи и поттикнува промени со нови и алтернативни модели за решавање на општествените проблеми, кои влијаат на другите чинители и кои се вклучуваат во главните текови.

(1.2.) **Комисија за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД)** е самостоен и независен орган кој работи во согласност со надлежностите утврдени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во насока на реализирање на своите надлежности, афирмирање на човековите права во општеството и градење на стекнување кредибилност, КСЗД ја утврди следната визија: Комисијата за заштита од дискриминација е двигател на позитивни промени за суштествена еднаквост, промоција на човекови права и елиминирање на сите видови дискриминација која ужива голема доверба кај граѓаните.

## 2. Цел

(2.1.) Врз основа на взаемно разбирање за меѓусебна соработка и поддршка, овој меморандум декларира интерес на двете страни да обезбедат заеднички придонес кон зајакнување на улогата на КСЗД во почитувањето на правата на граѓаните кои се третирани нееднакво, преку спроведување на проектот „Комисијата за антидискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога“, финансиран од Европската Унија, во периодот од 1 јануари 2022 г. до 31 декември 2023 г.

## 3. Меѓусебни одговорности

(3.1.) Соработката помеѓу КСЗД и МЦМС вклучува размена на податоци, учество на состаноци, работилници, обуки, студиски посети, тркалезни маси, конференции, подготовка на извештаи и други форми на соработка кои ќе бидат договорени меѓу страните, а ќе произлезат од актуелните проектни потреби.

(3.2.) Активностите кои се предмет на овој меморандум за соработка, вклучуваат:

1. Размена на податоци и соработка при подготовка на Барометар за човекови права и антидискриминација и организација три локални тркалезни маси со граѓани за да се претставaт резултатите од Барометарот.

2. Давање поддршка при организација на две летни школи за студенти и млади професионалци (Амбасадори на антидискриминација) заинтересирани да учат и промовираат антидискриминација и еднаквост во локалните заедници.

3. Соработка при подготовка на документ за политики за сферата на влијание на етничките и верските заедници за почитување на принципите на еднаквост и недискриминација во различни специфични контексти и теми (со домашен и меѓународен преглед).

4. Соработка за организирање на една тркалезна маса и една конференција со членови на КСЗД, членови на најголемите политички партии (пратеници), експерти, академски кругови и граѓански организации за да се разговара за широко распространетата дискриминација врз основа на политичка, етничка и верска припадност.

5. Размена на податоци и соработка за спроведување на минимум четири обуки на теми по мерка на потребите на КСЗД и стручната служба на Комисијата.

6. Соработка при организирање на две студиски посети, една во просториите на Агенцијата за фундаментални права (АФП) во Виена и една со Комисијата за еднаквост за Северна Ирска.

7. Соработка за организирање на работилница за меѓусебно учење за споделување на најдобрите практики помеѓу КСЗД и Комисијата за заштита од дискриминација од Бугарија.

8. Размена на податоци и соработка за создавање на онлајн курс за е-учење за подобрување на пристапот до информации и знаење за механизмите за заштита од недискриминација и обезбедување интерактивна платформа за комуникација со пошироката јавност за ова прашање.

## 4. Временска рамка

(4.1.) Овој меморандум за разбирање и соработка се склучува за период од две години, а има важност од датумот на неговото потпишување.

(4.2.) Овој меморандум за разбирање и соработка автоматски ќе истече или ќе се смета дека е ефективно раскинат на датумот на настанување на некои од наредните настани или услови, кој и да се случи прв:

- неуспех на една од страните да исполни било кое од условите на овој меморандум;
- околности или дејствија во државата кои ја прават изведбата на активностите невозможна;
- престанок на потребата за ваква соработка;
- заеднички договор на страните за повлекување од овој меморандум.

## 5. Координирање на активностите и комуникација

(5.1.) Двете страни се подготвени да воспостават редовна комуникација и координација за операционализација на взаемната помош и соработка. Во реализацијата на активностите од овој меморандум може да се вклучат и други заинтересирани страни во својство на партнери, соработници и крајни корисници на помошта.

(5.2.) Соработката се координира преку лица за контакт кои се означуваат од секоја страна посебно. Двете страни се подготвени за одржување на редовна комуникација во врска со текот на предвидените активности. Оваа комуникација ќе вклучува директни средби и состаноци, писмена коресподенција и електронска пошта.

(5.3) Соработката може да се прошири и продлабочува на предлог на секоја од договорните страни доколку за тоа постои заемен интерес.

(5.4.) Двете страни ќе обезбедат соодветна јавност на активностите. Јавноста на најавените активности треба да биде потврдена од двете страни.

(5.5) Во случај на било какво несогласување кое ќе произлезе при спроведувањето на Меморандумот за соработка, истото ќе биде разрешено помеѓу претседателот(ката) на КСЗД и в.д. директорот на МЦМС како потписници на овој Меморандум.

## 6. Завршни одредби

(6.1.) Овој меморандум за разбирање и соработка може да биде изменет или дополнет само во пишана форма, потпишана од официјални претставници на двете страни.

(6.2.) Меморандумот е изработен и потпишан во четири еднакви примероци, по два за секоја страна.

(6.3.) Во присуство и со верификација од одговорните лица, двете страни се согласија со целите и условите на овој меморандум за разбирање и соработка:

| Комисија за спречување и заштита од дискриминација | Македонски центар за меѓународна соработка |
| --- | --- |
| Весна Бендевска<br>претседателка | Александар Кржаловски<br>в.д. директор |